Комисија за Човекови Права
Под-комисија за Промоција и
Заштита на Човекови Права
Работна Група за Малцинства
Деветта сесија, 12 – 16 мај 2003
Женева
Точка на агенда: 3б

Хорхе Бернал – Аргентина
Надир Реџепи - Македонија

Ви благодарам г-дине Претседавач што уште еднаш ми давате збор,

Оваа интервенција е заедничка иницијатива на ромските претставници од Културно Здружение за Идентитет на Луѓето Роми од Аргентина и Хуманитарно Здружени на Ромите во Македонија „Сонце". Бидејќи оваа точка на агендата е за дискусија на решенија на состоји кои вклучуваат малцинства, би сакал да ви презентирам неколку идеи кои се однесуваат на нашето искуство со меѓународно вмрежување на Ромите и некои барања за поддршка од Обединетите Нации во оваа работа.
Дозволете ми накратко да ве запознаам со Меѓународното Движење на Ромтие, со цел подобро да бидат презентирани можните решенија на соодветните односи на ромските и не-ромските популации во Светот.
Меѓународно Движење на Ромите е иницирано во 1936 во Полска, меѓутоа поради неславниот Холокауст за време на Втората Светска Војна, вистински заживеа од 1971 кога беше организиран Првиот Светски Конгрес на Ромите. На овој Конгрес беа водени 4 дискусии за иднината на Ромите, кои беа и објавени во Светот. Овие теми се:

1. Нашето ромско знаме е со зелена и сина боја со Чакра тркалото на средина, со што се покажува патот кон сите делови во Светот.
2. Ромската химна е песната „Џелем џелем", исто така поврзана со нашите патувања во историјата
3. Заедничкото име на целите групи од нашата популација е Роми и истото ќе се користи во комуникацијата со останатите нации. Ги осудуваме термините како Џипси, Циган, Синти, Цигано, Цитан и многу други навредливи термини
4. Препорака до сите ромски групи кои постојат во светот да се обединат под ова име и да запрат со миграциите од една во друга земја, со цел да се осигура интеграцијата на идните генерации

Оттогаш се организирани 5 конгреси, а следниот ќе се одржи во Лондин во 2004. Г-дине Претседавач, дами и господа, би сакал да ви го свртам вниманието на екстремно маргинализираната позиција на Ромите без оглед на тоа каде живеат. Нивната позиција во социо-економска, образовна и институционална партиципација е најниската која постои во денешницата. Политичките промени во Европа, особено во Југо-Источна Европа, влијаеа на новиот бран на расизам и егзодус на Ромите. Не постои официјален попис за бројот на Ромите; секоја земја го претпоставува и пресметува нашиот број како што сака да го претстави. Нашите луѓе сеуште се борат за основните животни потреби, храна и домување, додека илјада-годишните предрасуди на не-Ромите се трансформираат во скинхед движење и нови политики за статус на азил во развиените земји. Ромите бегаат од секоја земја во која се соочуваат со дискриминација, без оглед дали е рзвиена или земја во развој, тие не реагираат на било каков начин на насилството. Некои земји кандидатки за ЕУ, како Чешката Република и Словачка користат методи за контрола на нашиот природен прираст со стерилизација на жените Ромки и со одбивање од државјанство, пасоши и нивно држење под полициска контрола за да се запре нивното движење надвор од земјата, единствено со цел да се исполнат ЕУ стандардите. Јас би можел да обезбедам извори на информации за поддршка на овие изјави доколку

некој е заинтересиран. Под овие околности ние мораме да го органзираме нашиот народ и да креираме реално движење кое ќе ги штити нашите семејства, и истовремено да ги покажеме нашите желби да живееме како човечки суштества. Сето ова доведе до креирање на многу ромски програми во Брисел и Стразбург, ромски мрежи и лидерства, но гледаме дека нови проблеми ги тиштат нашите луѓе на Америчкиот континент. Преку обука не ГМП и знаењата за тоа како Работната Група ги развива нејзините задачи и интереси, ги поднесувавме нашите жалби и поплаки и заклучивме дека ние треба да предложиме следни механизми и методи, кои би требало да ги подобрат односите помеѓу Ромите и не-Ромите.

1. Ја покануваме Работната Група да предложи на Обединетите Нации да организираат Меѓународна Конференција за Ромите, со цел да се востанови релевантно тело и механизам за демократска интеграција на нашите луѓе
2. Да се даде Набљудувачки статус на Ромите во телата на ОН, како оној што го има Свето Море, или да се најде сличен механизам, кој би го штител статусот на Ромите бегалци и баратели на азил
3. Да се започне конструктивен дијалог со постоечките ромски мрежи и лидери

За оваа иницијатива е неопходно да се ангажираат релевантни и компетентни Роми активисти кои би биле избрани и истовремено би им била дадена обврска и мотивација за истите да работат за интересите на нивната популација. Под чадорот на ОН би требало да се иницира глобален процес на реинтеграција и враќање на довербата на Ромите. Сметаме дека сеуште има верба помеѓу нас за искрена соработка со Меѓународната заедница иако досега имаше само слаба соработка помеѓу Ромтие и не-Ромтие.

Ви благодарам г-дине Претседавач